# ПОГЛЕД НА **БУЏЕТОТ**



## ЕКОНОМИЈА + РАБОТА

✗ Под Либералната партија (Liberals), долгот двојно се зголеми, а порастот на платите е на најниско досега забележано ниво. Сега Малколм Турнбул им подарува 80 милијарди долари на големите бизниси и на банките.

✓ **Лабуристичката партија (Labor) смета дека вработените Австралијци се поважни од мултинационалните компании, големите банки и големите бизниси. Ние ќе направиме поголеми и поправедни намалувања на даноците за 10 милиони работни Австралијци.**

## БОЛНИЦИ

✗ Малколм Турнбул им скастри 2,8 милијарди долари на болниците – чекањето на изборни операции е подолго одошто било кога до сега.

✓ **Лабуристите ќе го укинат кастрењето на финансии за државните болници и ќе креираат Фонд за подобри болници (Better Hospitals Fund) од 2,8 милијарди долари – повеќе кревети, покусо чекање за операции и подобрени оддели за итни интервенции (emergency departments).**

## УЧИЛИШТА

✗ Малколм Турнбул им скастри 17 милијарди долари на нашите училишта, најсилно удирајќи врз државните училишта.

✓ **Лабуристите повторно ќе воведат финансирање што е праведно и во зависност од потребите, и ќе им ги врати на училиштата сите 17 милијарди долари што Либералите им ги скастрија.**

## MEDICARE

✗ Оваа Влада продолжува да ги замрзнува попустите за MEDICARE, зголемувајќи ги износите што пациентите ги плаќаат на докторите од општа пракса (GP) и правејќи ги специјалистичките прегледи уште поскапи.

✓ **Лабуристичката партија ќе вложи 80 милиони долари за купување на 20 MRI апарати – што ќе значи дополнителни 500.000 снимања финансирани од MEDICARE. Покачувањето на премиите за приватно здравствено осигурување ќе го ограничиме на 2% во период од две години.**

## TAFE + ОБУКА

✗ Откако Либералите дојдоа на власт, бројот на чираци и лица на обука во Австралија се намали за 140.000. Во овој буџет Либералите ги намалуваат издвојувањата за TAFE за нови 270 милиони долари, згора на повеќе од три милијарди долари што претходно веќе беа скастрени.

✓ **Лабуристичката партија ќе го укине плаќањето однапред на школарини за 100.000 студенти во сектори со висок приоритет. Ние ќе инвестираме во Фонд за изградба на TAFE за иднина (Building TAFE for the Future Fund) – за реновирање на кампуси и обезбедувајќи 20.000 програми за возрасни чираци, наменети за постари работници.**

## ПЕНЗИОНЕРИ

✗ Либералите се обидоа три пати да го скастрат додатокот за енергија (Energy Supplement) од 14 долари двонеделно, кој им помага на пензионерите да ги платат сметките за струја и гас. Малколм Турнбул продолжува да им вели на Австралијците дека треба работат до 70 години.

✓ **Лабуристите се спротиставија на овие свирепи мерки и ќе продолжат да се борат против нив.**

## КЛИМА

✗ Испуштањето на јаглерод е сега поголемо одошто кога Малколм Турнбул ја презеде должноста, и се очекува да продолжи да се зголемува. Па сепак, оваа Влада ја укина Целта за чиста енергија и во текот на нејзиниот мандат загубивме едно од секои три работни места во индустријата за обновливи извори на енергија.

✓ **Лабуристите се сериозни во поглед на фаќањето во костец со климатските промени. Лабуристите поставија цели за 50% обновлива енергија до 2030 година; намалување на испуштањето на гасови за 45% до 2030 година; и нулто нето загадување до 2050 година.**



## ЖЕНИ

✗ Буџетот 2018 не содржи ниедна мерка што директно се зафаќа со прашањето на економската нееднаквост на жените.

✓ **Лабуристите ќе го намалат јазот меѓу платите на мажите и жените, во националните стандарди за вработување ќе додадат 10 дена платено отсуство поради домашно насилство и ќе го укинат данокот на тампони.**

## ДОМОРОДНИ ПРАШАЊА

✗ Малколм Турнбул ја отфрли „Улуру изјавата од срце" и во овој буџет за 1,5 милијарда долари е намалена поддршката за оддалечено домородно домување и вработување.

✓ **Лабуристите ја поддржуваат идејата за официјален домороден глас во Парламентот и Макарата комисијата, како што бараат луѓето од Првите Нации во нивната „Улуру изјава од срце".**

## ABC

✗ Во буџетот средствата за ABC се намалени за 84 милиони долари. Тоа е згора на 254 милиони долари што Либералите претходно веќе ги скастрија.

✓ **Лабуристите ќе се борат против тие кастрења. Кога лабуристите ќе дојдат на власт, ќе бидат одобрени дополнителни средства за да се формираат детски канал на ABC, ABC Вести 24 и ABC на интернет.**

## УНИВЕРЗИТЕТИ

✗ Либералите кастрат 2,2 милијарди долари од средствата за универзитетите. Тоа значи дека идната година на располагање ќе бидат 10.000 студентски места помалку.

✓ **Лабуристите веруваат во квалитетни универзитети. Затоа ние ќе го укинеме ограничувањето на бројот на студентски места, што ќе значи дека дополнителни 200.000 Австралијци ќе се здобијат со универзитетско образование**

# РАЗГОВАРАЈТЕ СО **ЏЕД**

НАМИНЕТЕ И РАЗГОВАРАЈТЕ СО ЏЕД ЗА РАБОТИТЕ ШТО ВИ СЕ ВАЖНИ:

| | |
|---|---|
| ЈУНИ **23** — **RESERVOIR** **САБОТА** 11 НАУТРО EDWARDES STREET IGA, EDWARDES STREET RESERVOIR | ЈУЛИ **04** — **SOUTH PRESTON** **СРЕДА** 5 ПОПЛАДНЕ SOUTH PRESTON SHOPPING CENTRE |
| ЈУЛИ **08** — **FAIRFIELD** **НЕДЕЛА** 10 НАУТРО FAIRFIELD IGA | ЈУЛИ **14** — **KINGSBURY** **САБОТА** 11 НАУТРО INK STREET, KINGSBURY FOODWORKS |

# ЏЕД МОЖЕ **ДА ВИ ПОМОГНЕ!**

КАКО ВАШ ЛОКАЛЕН ФЕДЕРАЛЕН ПРАТЕНИК, МОЈА ДОЛЖНОСТ Е ДА ГИ ПРЕТСТАВУВАМ ВАШИТЕ ПОТРЕБИ И ИНТЕРЕСИ ВО ФЕДЕРАЛНИОТ ПАРЛАМЕНТ. ИМА НИЗА РАЗЛИЧНИ НАЧИНИ НА КОИ ЈАС И МОИТЕ СОРАБОТНИЦИ МОЖЕМЕ ДА ВИ ПОМОГНЕМЕ. ЈАС МОЖАМ:

- **Да ги покренам вашите проблеми во Парламентот;**
- **Да ви помогнам да ги разберете и примените вашите права.**
- **Во ваше име да стапам во контакт со некој владин оддел или министер;**
- **Да ве поврзам со служби кои може да ви помогнат; и**
- **Да ѝ помогнам на вашата група во заедницата**

يمكن أن تساعدكم Ged! بصفتي عضواً فدرالياً عن منطقتكم، تقع على عاتقي مسؤولية تمثيل إحتياجاتكم وإهتماماتكم في البرلمان. وهناك عدد من الطرق المختلفة التي يمكنني من خلالها أنا وموظفيني مساعدتكم. يمكنني:
- رفع مخاوفكم في البرلمان؛ الاتصال بدائرة حكومية أو وزير نيابة عنكم؛ وأجعلكم على اتصال بالخدمات التي يمكنها مساعدتكم؛ ومساعدة مجموعتكم المجتمعية؛ ومساعدتكم على فهم وتنفيذ حقوقكم. يُرجى الاتصال بمكتبي للحصول على ترجمة كاملة لهذه النشرة الإخبارية.

Η Ged μπορεί να σας βοηθήσει! Ως Ομοσπονδιακός Βουλευτής για την περιοχή σας είναι ευθύνη μου να εκπροσωπώ τις ανάγκες και τα ενδιαφέροντά σας στη Βουλή. Υπάρχουν διάφοροι τρόποι με τους οποίους εγώ και το προσωπικό μου μπορούμε να σας βοηθήσουμε. Μπορώ:
Να διατυπώσω τις ανησυχίες σας στη βουλή· να επικοινωνήσω με κρατική υπηρεσία ή υπουργό για λογαριασμό σας· να σας φέρω σε επαφή με υπηρεσίες που μπορούν να σας βοηθήσουν· να βοηθήσω τον σύλλογό σας· και να σας βοηθήσω να καταλάβετε και να εφαρμόσετε τα δικαιώματά σας. Παρακαλώ επικοινωνήστε με το γραφείο μου για μια πλήρη μετάφραση αυτού του ενημερωτικού δελτίου.

Ged può aiutarti! Come membro federale locale, è mia responsabilità rappresentare i tuoi bisogni e i tuoi interessi in Parlamento. Ci sono diversi modi in cui io e il mio staff possiamo aiutarti. Posso:
- Esporre i tuoi dubbi in parlamento; Contattare un Dipartimento governativo o un Ministro a tuo nome; Metterti in contatto con servizi che possono aiutarti; Aiutare il tuo gruppo comunitario e aiutarti a capire e attuare i tuoi diritti. Contatta il mio ufficio per ricevere la traduzione completa di questa newsletter.

Ged có thể giúp quý vị! Là Dân biểu Liên bang của địa phương, tôi có trách nhiệm đại diện cho nhu cầu và quyền lợi của quý vị trong Quốc hội. Tôi và nhân viên của tôi có thể giúp quý vị theo một số cách khác nhau. Tôi có thể:
- Nêu mối quan tâm của quý vị trong Quốc hội; thay mặt quý vị liên lạc với Bộ của Chính phủ hoặc Bộ trưởng; Giúp quý vị liên lạc với các dịch vụ có thể trợ giúp quý vị; Giúp đỡ nhóm cộng đồng của quý vị; và giúp quý vị hiểu cũng như thực hiện các quyền hạn của mình. Nếu muốn có bản dịch trọn bản tin này, xin quý vị liên lạc với văn phòng của tôi.

Ged 能帮您！作为您本地的联邦议会成员，我有责任在议会代表您的需要和利益。我和我的工作人员能帮到您的方法有多种，包括：
在议会提出您关心的问题；代表您联系一个政府部门或部长；为您联系能帮到您的服务机构；协助您的社团；帮您搞懂和行使您的权利。请联系我的办公室了解这份简报的全部翻译内容。

Џед може да ви помогне! Како ваш локален федерален пратеник, моја должност е да ги претставувам вашите потреби и интереси во Парламентот. Има поголем број начини на кои јас и мојот персонал можеме да ви помогнеме. Јас можам:
- Да ги изнесам вашите проблеми во Парламентот, да контактирам со некое министерство или министер во ваше име, да стапам во контакт со служби кои можат да ви помогнат, да ѝ помогнам на вашата група во заедницата, и да ви помогнам да ги разберете и примените вашите права. Ве молам јавете се во мојата канцеларија за комплетен превод на овој билтен.

**ПИСМА** 159 HIGH STREET PRESTON, PRESTON, VIC, 3072 **ТЕЛЕФОН** (03) 9416 8690
**ИМЕЈЛ** GED.KEARNEY.MP@APH.GOV.AU **gedkearney.org.au**
/GEDKEARNEYLABOR | @GEDKEARNEY | @GEDKEARNEY

Одобрила G Kearney ALP, 159 High Street, Preston 3072. Печатено во Kosdown Printing, 10 Rocklea Drive, Port Melbourne 3207

# BATMAN BULLETIN



НОВОСТИ ОД ЏЕД КЕРНИ | ФЕДЕРАЛЕН ПРАТЕНИК ЗА БАТМАН

## АКЦИЈА, ИНТЕГРИТЕТ. ПРОМЕНА

# ПРВИОТ **ГОВОР**

НА 21 МАЈ 2018 ЈАС ГО ОДРЖАВ МОЈОТ ПРВ ГОВОР ВО ПАРЛАМЕНТОТ. ЗБОРУВАВ ЗА МОЈАТА ЉУБОВ КОН ЗАЕДНИЦАТА НА БАТМАН И ЗА НЕЈЗИНИТЕ ПРОГРЕСИВНИ И ДОБРЕДОЈДЕНИ ВРЕДНОСТИ.



Ги изложив принципите кои ќе застапувам во Парламентот и клучните прашања за кои ќе се залагам:

- Право на пристојна работа.
- Добро финансирани училишта, универзитети и TAFE колеџи, обезбедувајќи тие да им служат на сите, без оглед на нивните околности.
- Сектор за грижа за стари лица што нема да биде задвижуван од профит, туку чија суштина ќе биде достоинството на нашите постари луѓе.
- Хумана политика за бегалците.
- Посветеност на зголемувањето на нашите придонеси за помош и развој.
- Откажување од електрична струја произведена во термички централи на јаглен и за намалување на испуштањето на јаглерод, за обновливи извори на енергија и за отстранување на јаглеродот од нашата економија.
- Солидарност со луѓето од Првата нација во кажувањето на вистината.

Целиот мој говор можете да го прочитате на мојата интернет страница и на Фејсбук.

**„ЗДРАВО НА СИТЕ! МИНА ВРЕМЕ ОТКАКО СЕ СЛУШНАВМЕ, ПА ЗАТОА НАЈНАПРЕД САКАМ ДА РЕЧАМ ДЕКА Е ОГРОМНА ЧЕСТ ШТО БЕВ ИЗБРАНА, ВИ БЛАГОДАРАМ.**

Поминаа три бурни месеци и јас бев фокусирана да излезам во нашата фантастична заедница на Батман и да разговарам со што е можно поголем број од вас.

Беше интересно – истите прашања покренати во текот на кампањата продолжија да бидат присутни. На Батман му требаат подобро финансирани училишта, здравствена нега и пристојна работа. Ние сакаме да ја заштитиме нашата природна средина и да преземеме решителна акција во поглед на климатските промени и ни треба политика на поголемо почитување на барателите на азил.

Јас напорно ќе работам на овие прашања и со ваша поддршка можеме да ги направиме Батман, и се надевам Австралија, дури и подобри.

**ЏЕД КЕРНИ**
ФЕДЕРАЛЕН ПРАТЕНИК ЗА БАТМАН

159 HIGH STREET, PRESTON VIC 3072 | P: 9416 8690 | E: GED.KEARNEY.MP@APH.GOV.AU | GEDKEARNEY.ORG.AU

# ПРИОРИТЕТИТЕ НА ЏЕД ЗА БАТМАН

## УЧИЛИШТА И ОБРАЗОВАНИЕ:

Образованието и финансирањето на училиштата е тема број еден што беше покрената во разговорите со мене. Ние го сакаме најдоброто за нашите деца. Јас сум горда што Лабуристичката партија е посветена на образованието и објави политики кои го исполнуваат тоа ветување:

- Ние ќе вратиме праведно финансирање базирано врз потребите и во целост ќе ги вратиме 17-те милијарди долари што Либералите ги скастрија од средствата за нашите училишта. Тие кастрења значат помалку учители, помалку индивидуално внимание и помалку помош на учениците во однос на основните нешта како што се читањето, пишувањето и математиката.
- Лабуристите ќе го укинат плаќањето однапред на школарини за 100.000 студенти во сектори со висок приоритет.
- Лабуристите веруваат во квалитетни универзитети. Затоа ќе ги укинеме кастрењата и ограничувањето на бројот на студентски места, давајќи и на нашата земја над 200.000 повеќе лица со завршен универзитет.

За мене е важно да разберам што им треба на нашите училишта, па затоа редовно се сретнувам со нивните директори и слушам што велат родителите. Наш сеопшт предизвик е да се обезбеди дека нашето финансирање на училиштата на федерално ниво ги дава тие нешта кои прават најголема разлика за нашите деца и за нивните семејства.

Меѓу идеите за кои ќе разговарам со моите колеги се потребата од логопеди (speech pathologists) во училиштата, зголемено финансирање и подобрени процеси за капитални работи, и обезбедување дека финансирањето според Гонски е насочено кон децата со најголеми потреби.





## КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ПРИРОДНА ОКОЛИНА:

**На ова подрачје е потребно многу работа. Лабуристичката партија има цврста и решителна политика да се фати во костец со климатските промени. Наше ветување на сите Австралијци е: 50 проценти обновлива енергија до 2030 година; намалување на испуштањето на гасови за 45 проценти до 2030 година; и нулто нето загадување до 2050 година.**

**Ќе воведеме достапен и сигурен енергетски систем базиран врз обновливи извори на енергија, кој исто така е посветен на „праведна транзиција" за заедниците на кои ќе имаат влијание големите промени што треба да се случат.**

**Заради разговор за тоа, организирав Марк Батлер, министер во сенка за климатски промени и енергија, да дојде во Батман на разговор за природната средина, климатските промени и енергетската политика.**

**ФОРУМ ЗА КЛИМАТА ВО БАТМАН**
**30 АВГУСТ 2018 | 6 НАВЕЧЕР**
THE SHIRE HALL 286 GOWER STREET,
ДО PRESTON TOWN HALL

**Но, јас исто така сакам да размислувам локално за тоа како можеме да ја подобриме нашата природна средина. Кои мали и големи промени може да примениме во нашата заедница за да го подобриме рециклирањето, здравјето на нашите паркови и потоци, и за да го намалиме отпадот. Сакам да ги слушнам вашите идеи!**

## ПРАВО НА ПРИСТОЈНА РАБОТА:

Во изминатата деценија профитите на корпорациите постојано се зголемуваа достигнувајќи највисоко ниво до сега, додека уделот на платите е рекордно низок. Работниците работат подолго и понапорно на помалку сигурни и фрагментирани работни места.

Сатниците за прекувремена работа се скастрени, а крадењето на плати неконтролирано. Видовме случаи во нашата заедница на бизниси кои нелегално ги плаќаат работниците многу под законските стапки, неплаќајќи ги сатниците за прекувремена работа, а потоа заканувајќи се дека ќе тужат кога работниците се осмелуваат гласно да зборуваат!

Тоа е неприфатливо. На локално ниво ние треба да ги поддржиме работниците за да добијат праведна плата за чесна работа.

Треба да обезбедиме малите до средни бизниси да имаат поддршка од политики што им помагаат да напредуваат, а не да живуркаат поради неправедното и неурамнотежено фаворизирање на големите и мултинационалните компании.

Нееднаквоста се зголемува во Австралија. Работниците и сопствениците на мали до средни бизниси заслужуваат праведен дел од богатството што Австралија го создава.

Кога застануваме во одбрана на работните луѓе и нивните заедници, и кога ги слушаме проблемите на бизнисите, се залагаме за поправедна, порамноправна, посеопфатна и понапредна Австралија.

**За натамошна дискусија за овие прашања, дојдете на нашата средба за работничките права во Батман.**

**РАБОТНИЧКИ ПРАВА ВО БАТМАН**
**СРЕДА, 18 ЈУЛИ 6-7:30 НАВЕЧЕР | КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ЏЕД – 159 HIGH ST PRESTON**
Џед ќе дискутира за прашања во врска со нашите закони за вработување и што треба да се смени. Од Центарот за млади работници (Young Workers Centre) ќе зборуваат за несигурните и опасни работни места, кражбата на плати и стапките за прекувремена работа.



## СОЛИДАРНОСТ СО ЛУЃЕТО ОД ПРВИТЕ НАЦИИ ВО КАЖУВАЊЕТО НА ВИСТИНАТА:

**Заедницата на Првите нации во Батман е витална и напредува. Ми беше укажана чест да бидат поканета на голем број манифестации и состаноци со организации кои делуваат во Батман. Останува уште многу нешта да научам, па поголемиот дел од моите напори е да слушнам околу што можам најмногу да придонесам како федерален парламентарец.**

**Тема на годинешната Недела на помирување е „Историјата да не биде мистерија". Треба да ја слушнеме и кажуваме вистината. Имав среќа да бидам во друштво со сенаторите Пат Додсон и Маларндири Макарти и со пратеничката Линда Бурни, кои формираа пратеничка група на Првите Нации. Тесно ќе соработувам со нив заради унапредување на прашањата на помирувањето, уставното признавање и застапување за глас на Првите Нации во Парламентот.**



## ПОЧИТУВАЊЕ НА БАРАТЕЛИТЕ НА АЗИЛ:

Тоа прашање ми е многу блиско. Цел живот се залагам за политика на почитување на луѓето кои бараат азил во нашата великодушна и убава земја. Моето застапување ќе продолжи додека сум во јавна служба. Похуман приод значи политика во чија суштина се почитувањето, достоинството и безбедноста на сите баратели на азил и бегалци.

Јас формирав локална референтна група на заедницата за бегалци, заради изготвување на политика и за подобрување на начините за поголема поддршка на бегалците во нашата заедница.

# ЖИВОТОТ ВО И ОКОЛУ БАТМАН



## ОДДАВАЊЕ ПРИЗНАНИЕ НА IDAHOBIT

Присуствував на две фантастични манифестации на Меѓународниот ден против хомофобија, бифобија и трансфобија (International Day Against Homophobia, Biphobia and Transphobia – IDAHOBIT). Бев воодушевена што мојата прекрасна внука дојде со мене на прославата на разноличноста во нашата заедница. Секој заслужува да биде признаен, сакан и почитуван таков каков што е.

## СОБИР НА МЕДИЦИНСКИТЕ СЕСТРИ ЗА НЕГА НА СТАРИ ЛИЦА

На Меѓународниот ден на медицинските сестри присуствував на собирот на Австралиската федерација на медицински сестри и бабици, на кој беше побарано подобрување на негата за стари лица. Во неодамнешниот буџет на Владата воопшто нема нови пари за финансирање на домашната нега и негата во старски домови. Како медицинска сестра, јас знам колку напорно работат медицинските сестри и колку на секторот му треба реформа. Мораме да покажеме солидарност со потребите на нашето население кое старее, бидејќи како се однесуваме кон нашите стари лица кажува сè за нашите вредности како нација.





## ЛАБУРИСТИТЕ ЌЕ ГО УКИНАТ ИЗВОЗОТ НА ЖИВИ ОВЦИ!

Јас сум многу задоволна што Лабуристите најавија дека ќе го укинеме извозот на живи овци. Лабуристичката партија исто така поддржува веднаш да биде забранет извозот на живи овци во летните месеци. Ние соработуваме со релевантни групи за да им се помогне на одгледувачите на овци во преодниот период. Со одлуката се признава дека извозот на живи овци е сам по себе суров. Честитки до сите кои го кренаа гласот за ова прашање!

## ЛОКАЛНИТЕ МЕХАНИЧАРИ ЌЕ ИМААТ КОРИСТ ОД ЛАБУРИСТИЧКИОТ ПЛАН „ТВОЈА КОЛА, ТВОЈ ИЗБОР"

Јас сум воодушевена што локалните механичари ќе имаат корист од планот на Лабуристите, според кој производителите на коли ќе ги споделуваат нивните технички информации, такашто колите ќе може да ги сервисира секој механичар.

Се очекува таа реформа да им донесе заштеди не само на возачите, кои ќе имаат поголем избор и поправките ќе им бидат подостапни, туку исто така ќе создаде рамноправни услови за независните механичари кои ќе можат да останат во бизнисот како резултат на тоа.

Го посетив Мајкл во Jax Tyres Preston и разговаравме за соопштението на Лабуристите. Мајкл рече дека бидејќи колите стануваат сè покомплицирани, фрустрира немањето пристап на сите релевантни информации за сервисирање на колите. За среќа, Лабуристите имаат план како тоа да се исправи. Ние ги поддржуваме малите бизниси и локалните занаетчии со тоа што на сопствениците на коли им овозможуваме да го одберат нивниот локален механичар кога ги носат колите на сервисирање и поправање.

